# ПИКТОРИЈАЛИЗАМ

Јана Луловска

Сашо Алушевски



**„ПИКТОРИЈАЛИЗАМ“ – Јана Луловска и Сашо Алушевски**

*Д-р Кирил Пенушлиски*

Пикторијализам е историски уметничкофотографски стил од крајот на деветнаесеттиот век. Станува збор за естетско движење чија идеја водилка е подигнување на фотографијата на ниво на вистинска уметничка форма (на исто рамниште со традиционалните форми како што се сликарството, скулптурата или графиката) и ослободување од перцепцијата дека фотографијата е само едноставен запис на реалноста. Во пикторијализмот, фотографот ја 'манипулира' фотографијата (при самото фотографирање или при процесот на добивање/развивање на фотографијата) за да создаде уметничко дело. Предност над нејзината документарна природа им е дадена на убавината на прикажаниот мотив, на композицијата и на тонот/боите.

На изложбата „Пикторијализам", Јана Луловска и Сашо Алушевски ни презентираат триесетина фотографии. Следејќи ги начелата на пикторијализмот, изложените дела се 'меки' и 'тактилни'. Изработени во една од постарите и денес ретко употребувани техники, цијанотипија, заедничко за фотографиите на двајцата автори е основната желба нивните дела да ја разбудат имагинацијата на гледачот и да ја прикажат убавината на природата која човекот се повеќе ја занемарува. Емотивното, сугестивното и монохромниот третман на избраниот мотив се сеприсутни, но гледајќи ги изложените дела, веднаш станува јасно дека Луловска и Алушевски имаат различен пристап кон својот „Пикторијализам".

Јана Луловска, која дипломираше Фотографија на Националната академија за театар и филм во Софија, се претставува со дела што припаѓаат на три различни серии, циклуси. Задржувајќи го длабокото сино, основниот тон на париското сино на цијанотипијата, таа ни претставува четири дела од својот циклус „Кога растенијата владееја со светот", повеќе фотограми, како и едно дело каде што направила сликарска интервенција врз самата фотографија.

Фотограмите се добиени со ставање на растението врз претходно рачно подготвена фотоосетлива хартија, што потоа се изложува на извор на светлина. Меѓутоа, тие фотограми, без разлика на нивното верно пренесување на избраниот мотив, не делуваат како едноставно, реалистично пресликување на некое растение.

Нејзиниот „Нарцисоиден перфекционизам" веднаш ќе го препознаеме како цвет на билката нарцис (*Narcissus pseudonarcissus*), но таа фотографија има во себе нешто повеќе од точното прикажување на цветот. Трагите од четката што ја нанела фотоосетливата емулзија на хартијата, варијациите во синиот тон (што потекнуваат од долгата експозиција – без употреба на копир-апарат, сите фотографии се правени на сонце; како и од прекршувањето на сончевите зраци од формата на цветот), недостигот на деталите на лиските на нарцисот… Сите тие елементи ја засилуваат емотивната

димензија на фотографијата. Исто како и „Матисовиот танц“, и оваа фотографија повеќе се чувствува отколку што се гледа.

Фотографиите од циклусот „Кога растенијата владееја со светот“ се дела каде што Луловска ја користи основната техниката на изведба на фотограми, но воедно употребува и фотографски негатив – слики на пејзажи. Цветовите/растенијата во средината на композицијата, поставени врз пејзажот, доминираат со него. Фактот што тие се појавуваат во негатив како празен простор – ја гледаме само нивната силуета, само ја засилува пораката на авторката и чуството дека тие растенија повеќе ги нема во пејзажот што таа ни го покажува.

Од друга страна, делата на Алушевски се работени со фотографски негативи. Се работи за негативи настанати во текот на неколку години, кои се посебно одбрани поради нивните пикторијалистички квалитети. Дополнително, сите фотографии на Алушевски по развивањето се тонирани. Во нив, синото на традиционалната цијанотипија е заменето со топли тонови добиени од тонирањето на хартијата (по развивањето на фотографијата) со црн чај или со дабова кора.

Алушевски ни прикажува серија на пејзажи, но тоа не се пејзажи каде што авторот се труди да ја постигне најголемата можна длабочина на прикажаните планови во една глетка, ниту пак тој сака тие фотографии да ја имаат најострата можна репродукција на деталите во сцената. Напротив, зимзелените дрва во „Ластојчинкамен“ се губат во една магла, во една дифузна светлина која ги обвива и која станува не само дел од композицијата, туку и носечкиот столб на атмосферата на прикажаната слика. Авторот не ни прикажува пејзаж со точно одредена географска локација, туку една импресија, една сугестија за мистична тивка шума која дури во мислите на гледачот ќе стане ‘реална’.

Сличен третман на мотив можеме да забележиме и во фотографијата „БоРовињ“. Централниот мотив е разгранета крошна на едно дрво. Меѓутоа, контрастот помеѓу осветленото стебло и гранките со темната заднина околу крошната го издвојува дрвото од светот во којшто тоа постои. Фотографијата станува еден иконографски знак за дрво, но исто така е јасно дека графичкиот третман на мотивот на фотографијата е водечката замисла на авторот.

Деталите на гранките покриени со снег во „Остра зима“, како и оние во пејзажот во „Крај Матката“, се ‘загубени’. Но ‘мрежата’ од гранчиња останува. Точно поради таа мрежа, гледачот добива алузија за една апстрактна игра на линии, која, заедно со триделната поделба на прикажаната сцена (говорам за начинот на којшто темните стебла на дрвјата во „Остра зима“ го делат видното поле), е она што го привлекло интересот на уметникот.

Фотографиите на Алушевски откриваат дека неговото око, неговиот фотографски апарат, активно бара теми, слики, сцени во природата, каде што пикторијалистичкиот третман на мотивот ќе биде најсоодветен.

Со изложените дела, Луловска и Алушевски јасно ни покажуваат дека фотографскиот апарат и фотограмскиот колаж се исто толку моќни алатки колку што е и сликарската четкичка, а воедно и дека цијанотипијата и фотограмијата се уметнички техники што можат да ја инспирираат нашата фантазија.

## *PICTORIALISM* - Sasho Alushevski and Jana Lulovska

*D-r Kiril Penushliski*

Pictorialism is a historical, artistic style of photography originating from the late nineteenth century. It is an aesthetic movement whose guiding principles were elevating photography to the level of a true art form (on a par with other traditional forms such as painting, sculpture or graphics), and freeing it from the perception that it is a simple record of reality. In Pictorialism, the photographer 'manipulates' the photograph (while photographing or during the process of making/developing a photograph) to create an art work, while preference over its documentary nature, is given to the beauty of the displayed motif, the composition and the tone of the photograph.

In their exhibition *Pictorialism*, Jana Lulovska and Saso Alushevski present thirty photographs. Following the basic principles of Pictorialism, all the exhibited works are 'soft' and 'tactile'. Made in one of the older and today rarely used photographic techniques, cyanotype, common for the displayed pieces is the basic desire to awaken the imagination of the viewer and to present the beauty of nature that man increasingly neglects. The emotional, the suggestive as well as the monochrome treatment of the chosen motif appear in all the works, but, looking at the exhibited photos, it immediately becomes clear that Lulovska and Alushevski have a very different approach to their *Pictorialism*.

Jana Lulovska, who graduated from the National Academy of Theatre and Film in Sofia with a degree in photography, presents works from three different series. Retaining the deep blue, the basic tone of the Paris Blue of the cyanotype, she presents four pieces from her cycle *When Plants Ruled the World*, several photograms, as well as one other work where she made a direct artistic intervention on the photograph itself.

Her photograms were created by placing a plant or a flower on top of a special, hand prepared, photo-sensitive paper, which was then exposed to a light source. However, these photograms, regardless of the faithful transmission of the chosen motif, do not seem like a simple, realistic depiction of a plant.

Her *Narcissistic Perfectionism* will immediately be recognized as a flower of the plant Daffodil (*Narcissus pseudonarcissus*), but that photograph is more than just an accurate rendering of the flower. Traces of the brush that applied the photo-sensitive emulsion on the paper, variations in the blue tone (originating from the long exposure - without the use of a photographic copy machine, all exposures were done with sunlight; as well as the refraction of the sunlight from the shape of the flower), the lack of details on the petals of the Daffodil... All those elements enhance the emotional dimension of the photograph. Much like *Matisse's Dance*, this is a photogram that one feels, rather than sees.

The pieces from the cycle *When Plants Ruled the World* are works where Lulovska uses the principal technique of making photograms, but also uses a photographic negative - images of landscapes. The flowers/plants placed in the middle of the composition, on top of the

landscape, dominate. The fact that they appear in the negative, as empty spaces - we only see their silhouettes, only reinforces the message of the author and the feeling that these plants no longer exist in the landscape she is presenting us.

On the other hand, all of Alushevski's works are made with photographic negatives. These are negatives, collected over several years, which were specially selected due to their pictorialist qualities. Additionally, all his photographs were toned after their development. In them, due to the process of toning the photograph with black tea and oak bark, the blue of cyanotype is replaced with warm tones.

Alushevski shows us a series of landscapes, but these are not landscapes where the author tried to have the greatest possible depth of field, nor are they photographs where he wanted the picture to have to have the sharpest details. On the contrary, the evergreen trees in *Lastojcinkamen* are lost in a fog. They are engulfed by a diffused light, which envelops them and becomes, not only part of the composition, but also the central element that creates the atmosphere in the depicted scene. The author does not show a landscape with a precisely defined geographical location, but rather an impression, a suggestion of a mystical quiet forest that only becomes 'real' in the viewer's imagination.

A similar treatment of the motif can be seen in the photo *BoRovinj*. The central subject is a branched canopy, the crown of a tree. However, the contrast between the illuminated trunk and the branches with the dark background, set the tree apart from the world where it exists. The photograph becomes an iconographic symbol for a tree, but it is also clear that the graphic treatment of the motif in the photograph was the guiding idea of the author.

The details of the snow-covered branches in *Harsh Winter*, as well as those of the landscape in @ *Matka*, are lost. But the 'net' of twigs remain. Precisely because of this, there is an allusion of an abstract play of lines, which, together with the three-part division of the scene - I am referring to the placement of the two dark tree trunks in *Harsh Winter*, is what attracted the artist's interest.

Alushevski's photographs reveal that his eye, his camera, is actively looking for motifs, images, scenes in nature, where the pictorialist treatment of the motif will be most appropriate.

With their exhibited works, Lulovska and Alushevski clearly show that the camera and the photogramic collage are just a powerful a tool as is the painter's brush, and that cyanotype and photogramy are artistic techniques that can inspire our imagination.



Јана Луловска
***Матисовиот танц***, 2022
Цијанотипија, Фотограм
24 x 24 cм

Jana Lulovska
***Matisse's Dance***, 2022
Cyanotype, Photogram
24 x 24 cm



Јана Луловска
***Возбуденост***, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 см

Jana Lulovska
***Arousal***, 2022
Cyanotype, Photogram
25 x 25 cm



Јана Луловска
***Нарцисоиден перфекционизам***, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 см

Jana Lulovska
***Narcissistic Perfectionism***, 2022
Cyanotype, Photogram
25 x 25 cm

***Јана Луловска***

Јана Луловска е мултимедијален уметник. Завршила додипломски студии на Националната Академија за Театарска и Филмска Уметност „Крсто Сарафов", во Софија, Бугарија, специјализација уметничка и применета фотографија.

Имала самостојни изложби во Македонија, Бугарија, САД и учествувала на повеќе групни изложби во Македонија, САД, Бугарија, Грција, Белгија, Италија, Хрватска. Учествувала на интернационални резиденции и креативни работилници во Македонија и странство.

Во својата работа Луловска се фокусира на темите феминизам, екологија и природа, слободно изразување/граѓанско општество, психологија, емоционалност, перцепција, свесност, култура, филозофија, наука.

Во моментов таа работи на женското наследство, животна средина/екологија и инклузивност.

www.lulovska.com
Контакт: lulovskatp@gmail.com

Jana Lulovska is a multimedia artist. She graduated from the National Academy for Theatre and Film Arts "Krastyo Sarafov", Sofia, Bulgaria with a Bachelor of Art in Photography.

She's had solo exhibitions in Macedonia, Bulgaria and USA and has been part of many group exhibitions in Macedonia, USA, Bulgaria, Greece, Belgium, Italy and Croatia. She has participated in several international residencies and creative workshops in Macedonia and abroad.

Through her work, Lulovska focuses on the topics of feminism, ecology and nature, free expression/civil society, psychology, emotionality, perception, consciousness, culture, philosophy, science.

Currently she is working on female heritage, environment/ecology and inclusiveness.

www.lulovska.com
Contact: lulovskatp@gmail.com



Сашо Алушевски
***Фрактали и теорија на струни***, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај,
на Фабриано Мурило 260 гр хартија,
заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
13 x 19 см

Sasho Alushevski
***Fractals and the theory of strings***, 2022
Cyanotype from a digital negative, on Fabriano Murillo 260 gsm, toned with black tea,
protected with bee wax and lavender oil
13 x 19 см



Сашо Алушевски
***БоРовињ***, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај,
на Фабриано Мурило 260 гр хартија,
заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
18 x 24 см

Sasho Alushevski
***BoRovinj***, 2022
Cyanotype from a digital negative, on Fabriano Murillo 260 gsm, toned with black tea,
protected with bee wax and lavender oil
18 x 24 см



Сашо Алушевски
***Крај Маткaта***, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај,
на Фабриано Мурило 260 гр хартија,
заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
15 x 22 см

Sasho Alushevski
***@ Matka***, 2022
Cyanotype from a digital negative, on Fabriano Murillo 260 gsm, toned with black tea,
protected with bee wax and lavender oil
15 x 22 см

***Сашо Алушевски***

Живее во Скопје, Македонија. Го интересираат формите на експресија. Тотален меланколик. Или сангвиник? Зависи во каков момент ќе го фатите. Внатрешната навигација му се раководи од месечината. Понекогаш фотографира. Прв македонски фотограф кој систематски ги негува благородните фотографски процеси. Во длабока врска со темната уметност-колодиумската фотографија. Вели дека подобро готви отколку што фотографира. Често се наоѓа во контексти на размена на знаења, искуства и вештини. Убеден е дека целата вселена е игра или шега. Животот му е едно фаустовско клише, но тој вели дека е клацкање помеѓу алтер егата на Хомер Симсон и Хаклбери Фин. Се чувствува глупо да пишува за себе во трето лице.

Учествувал на над 80 групни изложби во светот и често е наградуван. Имал девет самостојни поставки.

Изложбава ја посветува на горската самовила.

www.greynoise.mk
Контакт: hakfin@gmail.com

Lives in Skopje, Macedonia. He is interested in the forms of expression. A total melancholic. Or sangvinic? That depends on the moment you meet him. His temper navigates by the moon. Sometimes he takes pictures. He is the first Macedonian photographer who cherishes the noble photographic processes. In love with the black art – wet plate collodion process. He says he is a better cook than a photographer. He often finds himself in some processes of exchanging knowledge, experiences and skills. He is convinced that this whole universe is a jolly game, or better, a joke. His life is so much like a Faustian cliché, but he likes to describe it more dramatically as surfing between the alter ego's of Homer Simpson and Huckleberry Finn. He feels foolish to write about himself in the third person.

Has taken part in over 80 group exhibitions worldwide and his photographs have often been awarded. He has had eight one man exhibitions.

He dedicates this exhibition to the forest fairy.

www.greynoise.mk
Contact: hakfin@gmail.com

**Изложени дела на Јана Луловска**

Primogenitus, 2021
Цијанотипија, Фотограм
24 x 24 cм

Матисовиот танц, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Возбуденост, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Нарцисоиден перфекционизам, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Caerulea, 2022
Цијанотипија, Фотограм
24 x 24 cм

Сончеви зраци, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Грациозност, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Зародена реминисценција, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Кога растенијата владееја со светот #1, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Кога растенијата владееја со светот #2, 2022
Цијанотипија, Фотограм
24 x 24 cм

Кога растенијата владееја со светот #3, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Кога растенијата владееја со светот #4, 2022
Цијанотипија, Фотограм
24 x 24 cм

Кога растенијата владееја со светот #5, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25 x 25 cм

Тројство #1, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25.7 x 15.8 cм

Зен дрво, 2022
Цијанотипија, Фотограм, Злато
25.7 x 15.8 cм

Тројство #2, 2022
Цијанотипија, Фотограм
25.7 x 15.8 cм

Тестирање на темпоралната димензија #1, 2022
Цијанотипија, Фотограм
26 x 37 cм

Тестирање на темпоралната димензија #2, 2022
Цијанотипија, Фотограм
28 x 44 cм

**Изложени дела на Сашо Алушевски**

Треска, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
15 x 20 cм

Скард, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Росаспина 285 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
11 x 17.5 cм

Св. Никола Шишевски, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Шолерсхамер акрилна 420 гр хартија хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
19 x 27 cм

Покрај Треска, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
13 x 18 cм

Панџуровмос, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
12 x 18 см

Остра зима, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
13 x 20 см

Магла во Нерези, 2022
Цијанотипија од 35мм негатив, тонирана со црн чај и дабова кора, на Фабриано Мурило 260 гр хартија хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
15 x 23 см

Ластојчинкамен, 2022
Цијанотипија од средноформатен слајд негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
19 x 19.5 см

Крушеска Корија, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со дабова кора, на Фабриано Мурило 260 гр хартија хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
15 x 23 см

Крај Матката, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
15 x 22 см

Корија во Азотот, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
14 x 20 см

Кажанцки снек, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
14 x 19 см

Злидол, 2022
Цијанотипија од 35мм негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Росаспина 260 гр хартија хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
14 x 19 см

Дожд и магла, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
13 x 20 см

Дапчиња, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
12.5 x 19 см

БоРовињ, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
18 x 24 см

Фрактали и теорија на струни, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
13 x 19 см

Увик контра!, 2022
Цијанотипија од дигитален негатив, тонирана со црн чај, на Фабриано Мурило 260 гр хартија, заштитена со пчелин восок и масло од лаванда
16 x 28 см

Цигла, 2022
Дел од неуспешните експозиции во кои е вметната најдобрата фотографија, која не е изложена во поставката, сварени, пресувани и залепени со лепило за дрво, поставена како 3Д објект
16 x 20 x 7 см

Јана Луловска, Сашо Алушевски, Пикторијализам
КСП Центар - Јадро
Мај 2022

Куратор: Кирил Пенушлиски
Текст: Кирил Пенушлиски
Лектура: Татјана Ефтимовска
Дизајн: Јана Луловска
Фотографии: Јана Луловска, Сашо Алушевски
Печати: Европа 92, Кочани, Република Северна Македонија
Тираж: 300

Проектот е финансиски поддржан од Министерство за култура на Република Северна Македонија и Град Скопје.

Спонзор: Винарија Попов, Сопот, Кавадарци, Република Северна Македонија

Благодарност до Министерство за култура на Република Северна Македонија, Град Скопје, КСП Центар - Јадро и Винарија Попов.

Jana Lulovska, Sasho Alushevski, Pictorialism
SCS Centar-Jadro
May 2022

Curator: Kiril Penushliski
Text: Kiril Penushliski
Proofreading: Tatjana Eftimovska
Design: Jana Lulovska
Photographs: Jana Lulovska, Sasho Alushevski
Printing: Evropa 92, Kocani, Republic of North Macedonia
Circulation: 300

The project is financially supported by the Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia and the City of Skopje.

Sponsor: Popov Winery, Sopot, Kavadarci, Republic of North Macedonia

Special thanks to the Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia, City of Skopje, SCS Centar-Jadro and Popov Winery.

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Културно-социјален простор
ЦЕНТАР-ЈАДРО

POPOV